# „Подобро е човек да го извршува намазот во џемат, отколку да го извршува дома или на пазар, дваесет и повеќе пати

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Подобро е човек да го извршува намазот во џемат, отколку да го извршува дома или на пазар, дваесет и повеќе пати. Тоа ќе го постигне кога ќе земе целосен абдест, а потоа ќе дојде во џамија само заради намаз. За секој чекор што ќе го направи ќе биде воздигнат за еден степен и ќе му се прости еден грев, сѐ додека не влезе во џамијата. Кога ќе влезе во џамијата и ќе почне да клања, сѐ додека намазот го држи таму на местото каде што клања, за тоа време мелеците ќе се молат за него со следни зборови: ‚Аллаху, смилувај Му се, Аллаху, прости му, Аллаху, прими му го покајанието‘. Така ќе се молат за него сѐ додека не вознемири некого или додека не го изгуби абдестот.“
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, ни дава до знаење, дека кога муслиманот клања во џемат, тоа ќе биде дваесет и неколку повеќе пати подобро за него отколку да клања сам дома или на пазар. Потоа ја објаснил причината за тоа: Кога човек ќе земе потполен абдест, па потоа отиде во џамија само заради намаз, нема да направи ниту еден чекор без да биде воздигнат за еден степен и без да му се прости еден грев. Потоа, кога ќе влезе во џамија и ќе седне чекајќи го намазот, ќе ја има наградата на намазот додека го чека. А мелеците ќе се молат за него кај Аллах сѐ додека тој седи на тоа место каде што го клања намазот. Тие ќе велат: „Аллаху, прости му! Аллаху, смилувај му се! Аллаху, прими му го покајанието!“, вака ќе се молат сѐ додека тој човек не го изгуби абдестот или со нешто не вознемири некого од луѓето или мелеците.



النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee